# Извешатај за работа на ЈКП "Комуналец" Демир Хисар

**ЈКП КОМУНАЛЕЦ**
**Демир Хисар**

# СОДРЖИНА

1. СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ........ 5
2. ОДСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ........ 8
3. ПОДИГАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА СМЕТ ........ 9
4. ПОГРЕБАЛНА ДЕЈНОСТ ........ 9
5. ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ........ 10
6. ДРУГИ ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ ........ 11

# ВОВЕД

ЈКП Комуналец Демир Хисар во изминатата 2014 година успешно ги реализираше обврските произлезени од Програмата за работа, одлуките и насоките од Управниот одбор и Советот на Општина Демир Хисар

Активностите на ЈКП Комуналец од Демир Хисар , во тековната 2014 година се изведувани согласно Законот за комунални дејности , Законот за води, Законот за снабдување со вода и одведување на отпадни води основите, Законот за подигање и одведување на комунален отпад и задачите утврдени во Статутот на ЈКП Комуналец и другите акти , според потребите и интересите на локалната самоуправа Демир Хисар како основач и комуналните корисници за што поуспешно и поефикасно работење во заеднички повеќестран интерес.

ЈКП Комуналец е основано за вршење на стопанска дејност од комунална област од јавен интерес а кој е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на општината Демир Хисар и е единствено претпријатие од ваков вид и дејност на подрачјето.

Сложените услови на стопанисување во години на светска економска криза и рецесија директно се реперкуира врз работењето односно врз наплатата и побарувањата и бараа огромни напори и вонредно залагање на сите вработени со цел остварување на позитивни резултати во работењето од техниќки и финансиски аспект.

ЈКП Комуналец Демир Хисар во рамките на својот делокруг на работење ги врши следните основните дејности , утврдени со Статутот.

- Собирање , обработка и снабдување со вода
- Отстранување на отпадни води
- подигање и депонирање на куќен и дворен ( безопасен ) отпад
- изградба на комунални објекти за течности
- погребални и придружни активности
- изградба на хидроградежни објекти
- услужни дејности за уредување и одржување на животната средина
- други неспомнати дејности.

Финансирањето на комуналните дејности за се врши преку фактурирање и наплата на комуналните услуги на физички и правни лица на територија на Општина Демир Хисар за кои Советот на Општината донесол и дал претходна одлука и согласност за стопанисување.

Покрај основните функции ЈКП Комуналец врши и дополнителни активности од типот на изградба на водоводна и канализациона мрежа, изградба и одржување на нискоградба и слично , бидејќи од основните функции не се задоволуваат основните трошоци на претпријатието.

Организационата поставност на претпријатието се состои од:

- Директор
- Технички директор
- Служба за заеднички работи
- Служба за одржување на водоводна и канализациона мрежа
- Служба за комунална хигиена , пазари и зеленило.

За успешно извршување на поставените задачи ЈКП ,,Комуналец,, располага со следната кадровска структура:

- ВСС - 2
- ВШС - 3
- ССС - 19
- КВ - 1
- ПКВ - 1
- НКВ - 5

___________________________________________

ВКУПНО: 31 вработен

Во текот на годината се јавува потреба за дополнително ангажирање на работна сила , чиј број завоси од обемот на работа, конкретно во 2014 година беше ангажирано едно лице во период од 6 месеци .

Покрај планираните активности во Програмата за 2014 год. во соработка на локалната самоуправа се изврши и нејзино дополнување со други активности кои се наметнаа како актуелни за разрешување на проблеми од комуналната сфера.

Исто така доста активности останаа нереализирани кои беа поврзани со инвестиционо вложување.

За работењето на ЈКП Комуналец значајни беа активностите на Управниот Одбор на чии седници беа донесени Одлуки кои се однесуваат на работата на претпријатието:

- Програма за работа
- Извештај за работа
- План за јавни набавки
- Промена на Правилникот за Систематизација во делот на плати
- Донесување на Одлука за превземање на водоводи во с.Стругово и с. Загориче и Утово.
- Други тековни акти потребни за непречено функционирање на Јавното Комунално Претпријатие

Меѓу поважните прашања и проблеми кои беа разгледувани и по кои беше расправано главно доминираа темите од интерес за развојот и унапредување на комуналните услуги што им ги нудиме и пружаме на физичките и правните лица односно корисници.

Финансирањето на комуналните дејности е проблем присутен години station наназад , како во областа на јавната комунална потрошувачка, така и на индивидуалната комунална потрошувачка што сериозно се одразува на развојот на овие дејности и на нивното успешно и квалитетно извршување.

Посебен хендикеп за нормално работење на ЈКП Комуналец е :

- Перманентно намалување на број на корисници на наши комунални услуги, и тоа претежно во правен, а со одреден процент и во физичкиот сектор особено во летен период.
- Намалена потрошувачка на вода за 6.25 %.

- Намалување на процентот на наплата и тоа најевидентно се почувствува во IV - Квартал на 2014 година.
- Често зголемување на цената на електричната енергија со што се зголемува цената на производството на м3 вода,

# 1. СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Како една од основните дејности на ЈКП Комуналец е редовно , непрекинато да ги водоснабдува од централниот водоснабдителен систем корисниците на Демир Хисар, с. Слепче, и Кутретино , с. Суводол ,вододводните системи во н.м. Прибилци , Журче и од крајот на 2014 година Загориче Утово и Стругово со хигиенско -бактериолошка исправна вода за пиење.

Наша должност е да се обезбеди доволен квалитет на вода за јавно снабдување , да се обезбедат доволни количини со соодветен квалитет за разни комерцијални цели и конечнода се заштитат луѓето и материјалните добра од несакани можни ефекти на водата, бидејќи трендот за пораст на потреба од вода е се понагласен.

За таа цел во 2014 година донесен и од страна на Агенцијата за храна на Р.М. усвоен е ХАССП план за снабдување со вода со што се докажува нашата посветеност за квалитетно водоснабдувањена корисниците,

Поради стабилизација на економско финансиска положба, проблемите со наплатата на услугите, зголемени трошоци во одржувањето и најповеќе максимизираните цени на водата, извршуваме само тековно одржување на системот за водоснабдување и водоводната мрежа.

Како фактори кои влијаеја врз нормалното работење на јавното комунално претпријатие се:

- Целосна амортизираност на пумпните постројки и автоматика во бунарите и препумпна станица , каде имавме чести дефекти и вложивме многу финансиски средства за да можеме тековно да ја извршуваме оваа дејност, но прашање е до кога ќе е возможно вакво одржување на истите од технички аспектодносно поради т.н. замор на материјалите .
- Високо учество на електричната енергија во производството и дистрибуција на вода. Со најновото поскапување на индустриската електрична енергија дополнително се оптеретува цената на водата и се доведува во прашање рентабилноста на претпријатието.
- Во последните две години пројавен е проблем да во летните месеци имаме прекумерна потрошувачка на вода од домаќинствата поради претворање на соптвените дворови во мини бавчи и нивно полевање односно вадење. Да напоменеме дека водата што се дистрибуира не е техничка вода и ја нема во количини за кои се злоупотребува. надминати се сите светски норми на потрошувачка на вода по жител (3-5 м3 / жител) и самиот систем не е димензиониран да даде толкава количина на вода . Во прашање се доведува непрекинатото водоснабдување на корисниците од една страна и доведување до преоптеретеност на пумпите од друга страна што дополнително предизвикува

дефекти во системот. Недозволиво е да поради неодговорноста на поединци, останатите корисници бидат оневозможени да имаат непречено водоснабдување за извршување на основните животни функции. Особено алармантна е состојбата во водоводните системи каде водата се добива од каптажи и таа количина не моше да задоволи неконтролирана потрошувачка. Затоа е потребно да советот на Општината ги примени позитивните законски норми ( Закон за снабдување на вода за пиење ) за заштита на совесните од несовесните граѓани .

Здравствената исправност на водата за пиење редовно беше контролирана од ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Битола спрема постојаните прописи и закони. Извршени се вкупно 24 анализи ( мала физичка и хемиска анализа и бактериолошка анализа ) и редовна годишна сеопфатна анализа на исправност на водата за пиење се констатира дека со редовното хлорирање на водата, водата може да се употребува за пиење.

*Физички обем на вода во 2014 год. во однос на 2013 год. во м3.*

| **корисници** | **претходна год. 2013 год. м$^3$** | **тековна год. 2014 год. м$^3$** | **Процент % м$^3$** |
|---|---|---|---|
| Индивидуални корисници : | **199430** | **190392** ***( 185592 )*** | ***- 6,93 %*** ***( - 13838 )*** |
| *Демир Хисар* | ***117899*** | ***112205*** | *- 4.81 %* *(- 5694 )* |
| *с. Слепче* | ***28052*** | ***26253*** | *- 6,41 %* *(- 1797 )* |
| *с.Суводол, сКутретино* | ***35495*** | ***30833*** | *-13,13 %* *( -4662 )* |
| Журче,<br>Прибилци | **9015**<br>**8969** | ***8414***<br>***7887*** | *- 6,66 %* *( -601 )*<br>*-12,00 %* *( -1082 )* |
| Загориче, Утово | **%** | ***2659*** | |
| Стругово | **%** | ***2141*** | |
| ***Правни лица*** | **122645** | **116334** | *-5,14 %* *( -6311 )* |
| **ВКУПНО :** | **322079** | **306726** ***( 301926 )*** | ***-6,25 %*** ***( - 20153 )*** |

Од табеларниот приказ за дистрибуирана и фактурирана вода кон корисниците може да се заклучи објективниот тренд на опаѓање на потрошувачката и тоа во два сегменти:

1. Намалена потрошувачка на вода кај физички лица 6,25 % што е релативно мало опаѓање на потрошувачка предизвикано од зголемените врнежи во летниот период и намалениот број на жители од една страна и нереконструираниот резервоар во Слепче поради што при поголема потрошувачка еден дел од населеното место е без водоснабдување..
2. Опаѓање на потрошувачка на вода кај правниот сектор од 5,14 %, како резултат на намален број на корисници во правниот сектор што во голема мера ќе резултира со намалена финансиска ефикасност во севкупното работење на ЈКП ,, Комуналец,, Демир Хисар.

Односот на потрошена вода помеѓу физички лица каде индивидуалните корисници учествувале со 62,07 % , а правните лица со 37,93% , во вкупната потрошувачка на вода го покажува негативниот тренд во последните три години, бидејќи во минатите години, секогаш односот бил во прилог на правните лица што е и дефиниција за работа во ЈКП ,, Комуналец,, Демир Хисар.

Во рамките на дејноста водоснабдување нашето претпријатие врши и редовно одржување на системот за водоснабдување и дава и други услуги на корисниците на услугата во текот на 2014 год.

Нашето претпријатие ги има извршено следните работи од тековно одржувањена интервенции на дефекти на водоводна мрежа и на приклучоци 262 пати и тоа:

- по налог.......................................................................................67 пати
- градска мрежа ..............................................................................19 пати
- ситни интервенции......................................................................141 пати
- нови приклучоци ....................................................................... 4 корисници
- замена на механизми за водомери .......................................................17 пар.
- замена на механизми за водомери за с.Прибилци, и ............................5 пар.
- замена на механизми за водомери за с.Журче ......................................4 пар.
- замена на механизми за водомери за Загориче и Утово........................2 пар.
- замена на механизми за водомери заСтругово...................................... 3 пар.
- редовно перење и дезинфецирање на резервоар и препумпна станица
- редовно одржување на пумпите, препумпните постројки во бунари и препумпна станица.
- редовно одржување на објектите од водоснабдителниот систем.

И во 2014 год. како проблем се појави и недостаток на вода во населено место с.Слепче особено поради руинираниот резервоар, и потребата од изградба на нов резервоар бидејќи и од табелата евидентна е загубата на вода од објективни и субјективна природа.

Започнувајќи од Јуни, 2011 година ревземени се водоводи во населените места Прибилци,и Журче, и веќе 3 години со перманентно водоснабдување без рестрикција на вода , ЈКП ,,Комуналец,, Демир Хисар стопанисува со истите,меѓутоа финансиските показатели за овај период се на работ на позитивна нула. Честите дефекти на бунарските постројки дополнително ја усложнуваат состојбата.

Исто така процентот на наплата е многу помал во однос на градскиот водовод Се надеваме дека овие проблем во иднина ќе се стабилизираат , бидејќи во спротивно ќе мора да се изврши корекција на цената .

Во 2014 година со цел нормално водоснабдување на рурални населени места, после реконтрукциите на местните водоводи од месец Јули преземен за одржување е водоводниот систем во н.м. Загориче и Утово а од Октомври и водоводниот систем во Стругово.

И во текот на 2014 год. со цел нормално водоснабдување на водоводниот систем издвоени се значителни материјални средства и пристапивме кон генерален ремонт на пумпи во Препумпна станица Мургашево и бунари Граиште кои се со целосно искористен век на работа и треба да се обноват со нови пумпи ако сакаме во иднина нормално и редовно водоснабдување од бунарските системи и препумпната станица Мургашево.

## 2. ОДСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Одведувањето и пречистувањето на отпадните води има големо значење за заштита на животната средина.

Во текот на 2014 год. главно ги извршуваме тековните работи за правилно функционирање на градската канализациона мрежа и тоа се:

- редовни месечни прегледи на уличните ревизиони шахти
- чистење на ревизиони шахти
- чистење на улични сливници
- замена на оштетени метални капаци на ревизиони шахти.
- дератизација и дезинфекција на целокупната канализациона мрежа извршена од ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Битола.

Во текот на 2014 год. фактурирани се : 117. 899 $м^3$ на индивидуални и 106.639 $м^3$ на правни лица.

Забележано е дека дел од комуналните кориници доста несовесно се однесуваат спрема канализационата мрежа со што испуштаат разни земјоделски и друг вид на смет во ревизионите канализациони шахти.

Исто така зачестена е појавата на отворање на капаци на канализациони шахти на улици за време на поројни врнежи со цел на лична заштита , при што примарната канализациона мрежа се полни со песок и други наноси и се доведува во опасност нормално функционирање на истата , па приморани сме да при секој дожд вршиме на рачно чистење на шахтите во ниските зони.

Во тек е изработка на техничка документација за изработка на пречистителна станица и колекторски систем за отпадни води со кој би се решило загадувањето на Стара река и соодветно на тоа сливот на Црна река .

## 3. ПОДИГАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА СМЕТ

Оваа комунална дејност која е предуслов за добри хигиенски услови и заштита на животната средина, ја извршуваме само во Демир Хисар и с. Мургашево со специјално возило за смет ,, ИВЕКО,, со носивост од 11 м3, без никакви застои и дефекти кои беа карактеристика на минатиот период.

Подигањето и транспортирањето на сметот се врши еднаш неделно по однапред утврден редослед на подигање по улици..

За извршување на оваа дејност се соочивме со следните проблеми:

- недоволен број на садови за смет и разновидност по видови, и заради тоа ЈКП Комуналец изврши набавка на 70 канти за смет од 120 литри и по поволни услови на 12 месечни рати ги продаваше на корисниците
- непочитување на комуналниот ред во Општина Демир Хисар.

Во тековната година сметот го транспортираме на времена депонија Крагуево, во близина на Демир Хисар.

Донесени се неколку правни акти од страна на Управниот одбор и Советот на Општина Демир Хисар како правни предуслови за подигање на смет и од неколку приградски населби ( Суводол, Кутретино и Слепче), кои имаат интерес и желба кај нив да се обавува подигање на сметот меѓутоа за проширување на оваа дејност потребно е уште едно возило за смети канти за подигање на сметот.

Во месец Ноември на ЈКП Комуналец Демир Хисар преку заедничка апликација од страна на АДКОМ до Словенечкиот центар за меѓународна соработка и развој аплицирано е и во тек е постапка за грант во висина од 51 % за набавка на специјално возило за смет и канти за отпадоци . Остатокот од 49 % на 24 еднакви рати треба да го плати Општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец за што треба да се подготват соодветно правни акти за што нахнадно ќе бидеме известени.

На терен евидентна е потребата за дополнителна едукација на населението со цел развивање на еколошката свест за заштита на здрава и чиста животна средина и во руралните населени места.

## 4. ПОГРЕБАЛНА ДЕЈНОСТ

Погребалните услуги во тековната година ги извршуваме само за корисниците на комунални услуги кои имаа доброволно потпишани изјави за солидарен погреб и редовно ги подмируваат сметките за вода за комунални услуги, на кои со Одлука на Управен одбор им исплаќаме по 7.000,00 денари при случај на смрт во нивните семејства , односно обештетување за поранешното вклучување во солидарниот фонд , кој со новите законски регулативи не е дозволен и неможе да се зачленуваат нови корисници.

Од вкупниот број на индивидуални корисници до крајот на 2014 година има уште 265 корисници за обештетување за солидарен погреб.

Од 01 Јули 2011 година согласно изменетите законски регулативи, ЈКП Комуналец престана да ја обавува дејноста Оператор на погребални услуги.

Со одлука на Управниот одбор и Советот на Општина Демир Хисар пристапи кон превземање на Градските гробишта и Управување на истите согласно позитивните законски регулативи.

За таа цел превземени се низа активности :

- Изработен е катастар на градски гробишта ,
- Воведена е евиденција на погребни места со отворање на евиденциона книга за починати лица ,
- Уредени се плоштадки на гробни места ,
- Поставени се бехатон плочки на главната патека ( во соработка со Општина Демир Хисар и црковниот одбор)
- Издадени се 17 дозволи за погреб во Демир Хисар и 132 во селските населени места .
- Продадени односни склучени се 10 договори за нови гробни места.
- Поставени се мали канти, корпи и контејнери за смет
- Редовно се врши косење, метење чистење и уредување на градските гробишта

## 5. ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Одржувањето на паркови и зеленило се одвиваше согласно Годишните програми за вршење на работите на одржување на јавната чистота на Општина Демир Хисар и во зависност од годишните времиња и расположивите финансиски средства извршувавме активности со цел да градот личи на чиста , модерна и уредна урбана средина.

Почнувајќи од пролетта во континуитет се вршеше:

- пролетно копање и режење на цветен дел
- засадување на зимзелени и листопадни дрва
- чистење на јавни површини , тротоари и улици
- одржување на јавно зеленило
- повеќекратно косење на градскиот парк , тротоари, парк пред и околу административната зграда на Општината, фудбалското игралиште, каналите по улиците: Маршал Тито, 1ви Мај, простор пред Здравствен Дом , Мургашево и сл.
- Во повеќе наврати се очистија мини депонии во Општината, но за жал поради несовесноста на месното население тие повторно се загадуваат со најразновиден смет

Сите активности се заснивaат од потребата на луѓето да живеат во пејсажно обликувани и хортикултурно уреден простор со цел да се овозможи здрав, удобен и хуман живот.

Мораме да нагласиме дека Годишната програма за јавна чистота нити во организацискиот дел, и особено не во финансискиот дел не се поклопи со реалната состојба и мислиме дека со заедничка соработка ќе се извршат корекции на обострано задоволство и конкретна реализација на истата во 2015 година.

# 6. ДРУГИ ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Во 2014 годин ЈКП Комуналец Демир Хисар, вложи сопствени финансиски средства со цел нормално и квалитетно давање на услуги кон граѓаните и перманентно обавување на основната дејност:

- Винколовање на мотори за пумпни агрегати во Препумпна станица Мургашево и Бунар1 Граиште.
- Репарирање на осовини и кола за пумпи во Препумпна станица Мургашево и Бунар1 Граиште.
- Набавка на вертикална потопна пумпа за водовод Журче.
- Набавка на вертикална пумпа за водовод Слепче.
- Набавка на хлоринатор за водовод Журче.
- Набавка на предни гуми за катерпилар, Специјално возило за смет Ивеко, пикап Рено Канго .
- Изработка на парно греење во административна зграда
- Покрај реализацијата на основната дејност на ЈКП Комуналец Демир Хисар во 2014 година во рамките на Понудите и сопствените реални можности во соработка со Локалната Самоуправа и Градоначалникот ги изврши и следните активности :
- Чистење со машина на вирови за Водици во Демир Хисар, Загориче , Журче, Жван и Суводол
- Чистење со машина речни корита во Обедник , Ново Село , Растојца и Прибилци
- Поставување на патокази
- Санација на канализациони шахти Слепче и атмосверски испусти Брезово
- Косење на банкини по населени места во Општина Демир Хисар и манастир Свети Јован Слепче .
- Пробивање на земјен пат во Велмевци до споменик на Јордан Пиперката
- Чистењеи порамнување на патишта до манастири Св. Илија Големо Илино, Св. Атанасиј Сопотница, Св. Тома Граиште, Добромирово Слепче,Св. Илија Жван.
- Чистење со машина на наноси од пороен дожд и тампонирање во населени места Единаковци и Света
- Изведба на крак од водоводна мрежа во Прибилци
- Крпење на ударни дупки во Демир Хисар ( кај Здраствен дом)
- Чистење со машина на диви депонии Загориче и Сопотница
- Активно учество со сопсвена механизација на манифестацијата ,, Илјада години од Слепче, Манастир Св. Јован и Цар Самоил

Јануари, 2015 год. Изработува:

Демир Хисар, ЈКП ,,Комуналец,,

Демир Хисар